Број: 11-7114/4
Датум: 1.9.2026
Скопје

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со Глава II. Проектни активности, Точка 6. Стипендии за талентирани ученици од основните училишта, од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2025, бр.7/26 и 11/26), Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување стипендии за талентирани ученици од VIII и IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош бр.11-7114/1 од 7.8.2026 година и Одлуката за објавување на Оглас за доделување Стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2026/2027 година со бр. 11-7114/3 од 26.8.2026 година, Општина Карпош објавува:

# ОГЛАС
## за доделување на стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2026/2027 година

### 1. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на Општина Карпош;
- Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош;
- Да имаат освоено I, II или III место/награда на натпревари организирани од акредитирани здруженија/организации од МОН;
- Да оствариле одличен успех во претходната учебна година.

### 2. Критериуми за доделување стипендија

Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I, II или III место/награда од здруженија и организации кои се акредитирани од Министерство за образование и наука од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста.

Се бодуваат дипломите од VII одделение за редовни ученици во VIII одделение и дипломи од VIII одделение за редовни ученици во IX одделение.

| Бодови од натпревари на акредитирани здруженија/организации од МОН | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | |
| | награда | Место/ златна медаља | награда | место/ сребрена медаља | награда | Место/ бронзена медаља |
| општински натпревар | 1 | | | | | |
| регионален натпревар | 5 | | 4 | | 3 | |
| државен натпревар | 10 | 12 | 8 | 10 | 6 | 8 |
| македонска олимпијада | | 13 | | 11 | | 9 |
| Меѓународен натпревар/ меѓународна олимпијада | | 17 | | 15 | | 14 |

* Освоените места/награди на групни натпревари не се бодуваат.
* Натпревари кои се спроведени по електронски пат не се бодуваат.
* Под меѓународен натпревар се подразбира натпревар во кој учествуваат ученици од најмалку 5 (пет) различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различни држави и се врши рангирање на најдобрите ученици. Во прилог доказ/потврда од организаторот на натпреварот за бројот на државите-учесници.
* Доколку ученикот има освоено и награда и место за ист натпревар во предвид ќе се земе местото.

## 3. Потребни документи:

- Барање за доделување стипендија;
- Документ како доказ за жителство во Општина Карпош (копија од лична карта на родител/старател);
- Потврда од училиштето дека е редовен ученик во VIII или IX одделение;
- Фотокопија од свидетелство од претходната учебна година, како доказ за одличен успех:
  - Свидетелство од VII за ученици од VIII одделение;
  - Свидетелство од VIII за ученици од IX одделение;
- Фотокопии од дипломи од освоени места/награди на натпреварите:
  - Дипломи од VII одделение за ученици во VIII одделение
  - Дипломи од VIII одделение за ученици во IX одделение;
- Изјава за согласност за обработка на лични податоци.

## 4. Висина на стипендија и рангирање

- Втора категорија 3.000 денари месечно (нето износ) за освоени од 12 до 21 бодови
- Прва категорија 3.500 денари месечно (нето износ) за освоени од 22 и повеќе бодови

Стипендиите се доделуваат за осум месеци во текот на учебната 2026/2027 година.

## 5. Начин на пријавување

Пријавите се доставуваат до Општина Карпош преку пошта на адреса: ул. „Никола Русински“ бр.11, 1000 Скопје или во Архивата на Општина Карпош, со назнака „Апликација за стипендија на талентиран ученик“.

## 6. Рок за поднесување на документи

Рок за поднесување на документите по Огласот е од 1.9.2026 година до 21.9.2026 година. Документите на кандидатите кои не се комплетни и не се навремено доставени нема да бидат разгледувани.

## 7. Транспарентност

Јавниот оглас за доделување на стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2026/2027 година ќе се објави на официјалната интернет страна на Општина Карпош.

**Напомена:** На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (за образование и за спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува само една стипендија по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил.

ОПШТИНА КАРПОШ